Бр./Nr 12-191/4
03-02-2024 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапувањето по пријавата со број 12-9119/1 од 02.11.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека друг надлежен орган веќе има постапено постапено по наводите од пријавата.

Предметот со број 12-9119 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-9119/1 од 02.11.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за несовесно работење, незаконитости во финансиското работење и лоша организација на работа во ЈЗУ Здравствен дом Крива Паланка. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази како поткрепа на наводите.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК се обрати до Министерство за здравство на РСМ и побара надлежно постапување од негова страна, со цел испитување на предметните наводи и утврдување на состојбите за предметниот случај. ДКСК не доби одговор по нејзиното барање, а поради промена на раководното службено лице на Министерство за здравство на РСМ (службени лица /// со ///, како министри за здравство), ниту до крајот на 2023 година документација не беше доставена. ДКСК се обрати со ургенција по нејзиното горе наведено барање, повторно без успех. Следствено, ДКСК констатира дека службеното лице ///, во својство на одговорно лице на надлежната институција – министер за здравство, сторил прекршок на чл. 23, казнив по член 100 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што спроведе прекршочна постапка, со издавање на прекршочен платен налог.

Службеното лице не ја плати глобата во законски предвидениот рок, по што ДКСК покрена прекршочна постапка пред надлежниот прекршочен орган, од каде предметот беше административно вратен поради материјално-процесни пропусти во прекршочната постапка.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

ДКСК, постапи по насоките и укажувањата на надлежниот прекршочен орган и ја повтори прекршочната постапка, со издавање и достава на нов прекршочен платен налог. Од страна на одговорното службено лице, повторно не беше постапено во законски предвидениот рок т.е. не беше платена глобата, заради што ДКСК повторно поднесе барање за покренување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган.

На 16.01.2024 година, ДКСК прими одговор од Министерство за здравство на РСМ, во кој е наведено дека по предметните наводи од пријавата се преземени мерки со увид во документацијата на претходно наведената ЈЗУ и врз основа на обезбедените докази, констатирано е дека постојат сомнежи за несовесно работење и злоупотреба на службената положба и овластувања, заради што се преземени дејствија со поднесување на соодветни поднесоци до Основно јавно обвинителство Куманово и Министерство за внатрешни работи на РСМ. Поради оваа причина, ДКСК го повлече горе наведеното барање за поведување прекршочна постапка.

На вака утврдените состојби, ДКСК утврди дека по предметните наводи од пријавата постапува друг надлежен орган, заради што одлучи постапката по овој конкретен случај да ја запре.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk